РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12 - 372/3
07.04. 2026 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 28 став 5 и 50 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25"), и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Валандово го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**за формирање на стручна комисија**
**за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета**

За спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета за **Нацрт Измена и дополна на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово со технички број 136/2023 од Февруари 2026 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје**, се формира трочлена комисија во состав:

1. Ѓоко Аврамски маг.инж.арх. – Раководител на одделение за урбанизам,
2. Соња Маџирова дипл.инж.арх.- стручен работник, надворешен член овластување број 0.0411
3. Елена Дракуловска Гигов дипл.инж.арх.- изработувач на планот овластување број 0.0361.

Се задолжува стручната комисија да изработи Извештај за спроведената Јавна презентација и Јавна анкета со образложение за прифатените и не прифатените забелешки за планот.

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во текот на постапка за донесување на **Нацрт Измена и дополна на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово со технички број 136/2023 од Февруари 2026 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје**, а во согласност со член 28 став 5 и член 50 став 8 од Законот за урбанистичко планирање, се формира комисија задолжена да изработи Извештај за спроведената Јавна презентација и Јавна анкета.

Стручната комисија е составена од три члена: Елена Дракуловска Гигов, дип.инж.арх. –носител на овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0361, како претставник на изработувачот на планот, Ѓоко Аврамски маг.инж.арх.- лице вработено во општинската администрација во одделение за урбанизам, претставник на донесувачот на планот, Соња Маџирова, дип.инж.арх.- стручен работник, со овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0411, кој не е вработен во Општина Валандово.

Имајќи ја во предвид потребата од спроведување на постапката за донесување на Детален урбанистички план, како и одредбите од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение нема место за жалба, а против истото странката може да поведе управен спор.

Изработил: Анита Трајкова

Контролирал: Илија Матеев

Одобрил: Горан Дончев

**Општина Валандово**
**Градоначалник**
**Ѓоко Камчев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 6б, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk